СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
*КОМОРА НА ИДНИНАТА И ВАШ КОНСУЛТАНТ ВО БИЗНИСОТ*
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA
*CHAMBER OF THE FUTURE AND YOUR CONSULTANT IN BUSINESS*

Бр. 08-888/1
29.8.2024 година
С к о п ј е

До
Кабинет на министер за енергетика, рударство и минерални суровини

С к о п ј е

**Предмет: Мислење по Предлог-Уредба за гаранции за потекло**

Почитувани,

По објавата на Предлогот на Уредба за гаранции за потекло на страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и спроведената консултација на Стопанската комора на Северна Македонија со компаниите-членки од енергетскиот сектор, Комората го доставува следното

**М И С Л Е Њ Е**
**по Предлог-Уредба за гаранции за потекло**

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 3, Став 1:**

Да се избрише: *„... не се стекнал со статус на повластен производител кој користи повластена тарифа или премија".*

Предлагаме овозможување на повластените производители да можат да издаваат гаранции за потекло, и да можат да ги извршуваат сите расположливи активности поврзани со гаранции на потекло. Во согласност со намерите на предлог уредбата да го стимулира производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија, предлагаме да се овозможи на повластените производители да можат да издаваат гаранции за потекло и да можат да ги извршуваат сите расположливи активности поврзани со гаранции на потекло.

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 3, Став 4:**

Не е наведено колкав ќе биде надоместокот за издавање на ГП. Колку ќе чини истиот?

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 3, Став 6:**

Не е јасно дали согласно овој член секоја издадена ГП ќе биде на 1 MWh. Понатаму, дали ќе се издаваат ГП и за времето пред влегување во сила на оваа уредба? Врз кој основ е одлучено кумулативниот период да биде шест месеци?

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * https://www.mchamber.mk

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 4, Став 1:**

Не е наведено која е документацијата која треба да се поднесе за добивање на ГП.

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 4, Став 7:**

Сметаме дека рокот за важност на издадената гаранција за потекло од 12 месеци треба да се тргне и гаранцијата за потекло да има неограничено важење.

**ЗАБЕЛЕШКА по Член 6, Став 2, Точка 1:**

Сметаме дека оваа точка треба да се избрише бидејки сите субјекти (вклучително и производителите) се потрошувачи на електрична енергија.

Се надеваме дека Мислењето на компаниите од енергетскиот сектор ќе биде земено предвид при изготвување на конечната верзија на Уредбата за гаранции за потекло.

Со почит,

Извршен директор,

м-р Антони Пешев

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Изготвил: Кристина Кузеска, менаџер
Проверил: Даниела Михајловска Василевска, проектен менаџер
Одобрил: Билјана Пеева – Ѓуриќ, оперативен директор